Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

# КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Согласно членовите 20, 22, 29 и 33 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, на ден 15.01.2025 година, Ве известувам за следното:

Почитувани,

1. Согласно членот 20, Сала, поточно членот 20.1, натпреварите на сите нивоа може да се играат исклучиво во сали кои ги задоволуваат условите пропишани во Службените кошаркарски правила и кои се регистрирани од страна на посебна комисија, именувана од Комесарот за натпреварување.

На ден 15.01.2024 година беше формирана комисија во состав:

- Томе Дишлијев, ИТ сектор при КФСМ,
- Горан Трпушевски, технички секретар - сениорски лиги на КФСМ, и
- Александар Милојевиќ, комесар за натпреварување при КФСМ.

Комисијата ги разгледа досегашните делегатски извештаи и билтени, и дополнително изврши мерење на одредени сали. Врз основа на направената анализа, комисијата ја направи следнава категоризација на салите:

- Сали кои ги исполнуваат сите технички услови во делот на теренот за игра, просторот околу теренот, записничката маса, техничката опрема, додатната опрема и службени простории во салата – КАТЕГОРИЈА 1.

  Тоа се салите на:

  - МКК „Еуро Никел 2005 АД“, сала „Јасмин“ – Кавадарци;
  - КК „Феникс 2010 АД“, сала „Јане Сандански“ (мала и голема) – Скопје;
  - КК „МЗТ Скопје Аеродром АД“, сала „Јане Сандански“ (мала и голема) – Скопје;
  - КК „Кожув АД“, сала „26 Јули“ – Гевгелија;
  - КК „ТФТ АД“, сала „СРЦ Кале“ – Скопје;
  - КК „Пелистер АД“, сала „Боро Чурлевски“ – Битола;
  - КК „Шкупи АД“, сала „СРЦ Кале“ – Скопје;
  - КК „Чаир 2030 АД“, сала „Шабан Трстена“ – Скопје.

- Сали кои не ги исполнуваат сите технички услови во делот на теренот за игра, просторот околу теренот, записничката маса, техничката опрема, додатната опрема, имаат одредени отстапки во делот на службени простории во салата – КАТЕГОРИЈА 2.

  Тоа се салите на:

  - КК „Гостивар АД“, сала „Младост“ – Гостивар, светлосни сигнали за 24 сек. и крај на време за игра;
  - МКК „Куманово 2009 АД“, сала „Перо Наков“ – Куманово, светлосни сигнали за 24 сек. и крај на време за игра;
  - КК „Вардар АД“, сала „КК Вардар АД“ (СРЦ Кале – мала сала), просторот од два (2) метри околу теренот за игра е помал од два (2) метри во делот кај записничката маса, односно помал е за 50цм (член 22.2 од Пропозиции за натпреварување во сениорски лиги);
  - КК „Работнички АД“, сала „КК Вардар АД“ (СРЦ Кале – мала сала), просторот од два (2) метри околу теренот за игра е помал од два (2) метри во делот кај записничката маса, односно помал е за 50цм (член 22.2 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги);

НАПОМЕНА: Доколку недостатоците не бидат отстранети до пред почетокот на натпреварите од четиринаесеттото (14) коло, наведените сали од КАТЕГОРИЈА – 2 ќе бидат суспендирани. Екипите ќе мора да бараат сали кои ги исполнуваат условите од КАТЕГОРИЈА – 1, согласно членот 20.1 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги.

2. Согласно членот 29 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, температура во сала, поточно 29.1, температура во салите за време на натпреварите мора да е најмалку 12 степени целзиусови.
Ако гостинската екипа не се сложи да го одигра натпреварот при температура пониска од 12 степени целзиусови, натпреварот ќе биде одложен за 24 часа и за тоа време домаќинот треба да обезбеди затоплена сала, регистрирана за соодветното ниво на натпреварување.
Доколку тоа не се обезбеди, домаќинот ќе го загуби натпреварот со службен резултат 20:0 и нема да добие бод предвиден со правилата во случај на пораз.
Согласно членот 29.2 од истите пропозиции, домашната екипа, организатор е должен да обезбеди термометар на секој натпревар и да го стави на располагање на делегатот на негово барање.

ПРОТОКОЛ:

1. Триесет (30) минути пред почетокот на натпреварот, организаторот на натпреварот (службен претставник и/или технички раководител) на делегатот на натпреварот му става на располагање термометар за мерење на температурата во салата;
2. Температурата се мери на средина од теренот, пред почеток на натпреварот и на полувреме;
3. Измерената температура му се покажува и на службениот претставник и/или техничкиот раководител на гостинската екипа.
4. Доколку температурата е пониска од минимумот наведен во членот 29.1, натпреварот се одложува.

Скопје, 15.01.2025 година

Поздрав,

Комесар за натпреварување

Александар Милојевиќ